**20220991286**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 19 април 2022 година.

Бр. 08-1909/1
19 април 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21 и 294/21), во член 34 во ставот 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен лице кое не е евидентирано во матична книга на родени, а има извод од посебна матична книга на родени и идентификациона исправа под услови и во постапка утврдени со закон.“.

Член 2

Во членот 111 став 1 зборовите: „одобрена од Комисијата за одобрување на програми за континуирана професионална едукација“ се заменуваат со зборовите: „која ја донесува по претходно стручно мислење од Заводот за социјални дејности“.

Член 3

Со исплатата на гарантирана минимална помош за месеците март, април и мај 2022 година, на секој корисник на гарантирана минимална помош ќе се исплати еднократен додаток во висина од 1.000,00 денари за месеците март, април и мај 2022 година.

Исплатата на еднократниот додаток од ставот 1 на овој член, се врши со средствата наменети за гарантираната минимална помош.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.